**20200881326**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 април 2020 година донесе

**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот на важење на дозволата за управување со гробишта и дозволата за вршење на погребални услуги, чиј рок на важење е истечен за време на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Важноста на дозволата за управување со гробишта и дозволата за вршење на погребални услуги, чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траење на вонредната состојба како и 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2765/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.